Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 20-181/1
Прилеп, 03.02.2016 год.

**ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП**
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р. Македонија
Телефон: **+389 48 407 407**
Факс: **+389 48 407 452**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2015 ГОД.

ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р. Македонија
Телефон: +389 48 407 407
Факс: +389 48 407 452

# ВОВЕД

Врз основа на член " 415-а од Законот за трговски друштва (сл. весник на Р.М. бр.28/04; 84/05; 42/10 и 48/10) и Планот за работа за 2015 година на службата за интерна ревизија Сегмент 69, Службата за внатрешна ревизија на ПИ „Витаминка" АД Прилеп поднесува годишен извештај за нејзиното работење за 2015 година.

Извештајот на работењето на Внатрешната ревизија согласно одредбите во споменатите акти ги содржи следните информации:

- Опис на извршените ревизии на работењето на друштвото
- Утврдување на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- Наоди и дадени препораки за надминување на идентификуваните слабостите
- Проверка на точноста, веродостојноста и ослободеноста од материјално значајни грешки на трговските книги и финансиските извештаи
- Проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите;
- Останати активности на Внатрешната ревизија во текот на периодот за кој се однесува овој извештај.

## 1. Опис на извршените ревизии на работењето на Компанијата.

### - Редовни ревизии

Во текот на 2015 година, Службата за внатрешна ревизија на ПИ "Витаминка" ги реализираше предвидените активности согласно усвоениот план за работа од страна на Одборот на Директори, кој се базираше проценка на ризикот за ефикасност во работењето, проценка на ризикот од ненавремена наплата на побарувањата, проценка на бонитетот на купувачите, оценка на степенот на спроведливоста на обврските по донесени одлуки, налози од траен и времен карактер и задолженија од Одборот на Директори како и ослободеноста на финансиските извештаи од материјално значајни грешки.

Ревизиите беа извршени преку примена на интерна методологија, усогласена со стандардите за професионална примена на внатрешната ревизија. Во текот на 2015 година реализирани се следните интерни аудити согласно Сегменотот 69 од Планот за работа на ниво на компанијата.

Извештаите од извршените ревизии за 2015 година беа редовно доставувани и разгледувани од страна на Одборот на Директори и беа во целост прифатени. Од страна на раководните тела, по истите е постапувано и се издадени бројни налози за промена на интерните политики во компанијата. При вршењето на ревизиите не се пронајдени одредени пропусти кои би можеле материјално значајно да влијаат на имотот на друштвото.

ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р. Македонија
Телефон: +389 48 407 407
Факс: +389 48 407 452

**- Вонредни ревизии**

Во текот на 2015 год., службата за внатрешна ревизија изврши повеќе вонредни ревизии и истите се однесуваа на:

- Вонреден попис на продавница за шкарт производи, 1

- Вонреден попис на магацин за резервни делови, 1

- Вонреден попис во магацин за амбалажа, 1

- Ревизија на испорака од магацин за шкарт производ до продавница за шкарт производи,

- Ревизија на состојбата со залихите на репроматеријали, суровини, амбалажа, готови производи и ситен инвентар, 2

- Ревизија на поставените норми во производство, од аспект на продуктивноста, 4

За сите претходно наведени вонредни ревизии се изготвени извештаи и се доставени на располагање на Одборот на Директори. Истотака по налог на Управниот одбор е извршена вонредна контрола на благајничкото работење за исплата на трошоци за службени патувања при испорака на наши производи до купувачи.

**2. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешната контрола.**

Внатрешната контрола преставува континуиран процес и активности кои се спроведуваат на сите нивоа во компанијата: органите на управување, менаџментот и сите вработени за да се обезбеди постигнување на следните цели: заштита и максимизирање на вредноста на компанијата, изработка на точни финансиски извештаи, зголемување на ефикасноста на вкупното работење, унапредување на ефикасноста на управувањето, како и усогласеност со интерните политики на компанијата со законите и регулативата која се однесува на компанијата.

Внатрешната контрола при евалуцијата на адекватноста и ефикасноста на системот на интерна контрола се раководеше од најбитните компоненти и цели и тоа:

- Дали процесите и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни политики и процедури и дали истите се во согласност со законската регулатива.

- Дали е воспоставена правилна поделба на овластувања и одговорности во рамки на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија.

- Дали процесите и активностите се адекватно подржани од информациониот систем на Компанијата.

- Дали системските контроли во апликативните решнија се доволни, сигурни и безбедни за да спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците во работењето и

- Дали системот на интерна контрола во Компанијата овозможува препознавање и проценка на значајните ризици на кои е изложена Компанијата.

**3. Мислење**

Врз основа на извршените ревизии може да изразиме разумна сигурност дека најголем дел од контролите кои се неопходни за да ги пресретнат клучните ризици во компанијата се воспоставени и функционираат. Идентификуваните слабости во системот на интерни контроли немаат материјално значење во однос на постигнување на целите на компанијата и се предмет на континуирани надградби и подобрувања согласно дадените препораки.

**4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување**

Наодите, препораките и статусот беа детално презентирани во извештаите на Внатрешна ревизија кои во текот на годината беа редовно доставувани и разгледувани од страна на Одборот на Директори на друштвото и беа целосно прифатени. Исто така согласно усвоената Процедура, Службата за Внатрешна ревизија редовно ја следеше имплементацијата на предложените препораки и согласно добиените одговори, редовно ги известуваше наведените органи на друштвото. Сознанијата со кои се здоби Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажуваат дека препораките се почитуваат, а за дел имплементацијата е во тек. Во однос на доставување на одговор за реализација на препораките предложени во извештаите издадени текот на оваа година забележано е незначително задоцнување, што укажува на подобрување на респонзивноста на одговорните лица во друштвото.

**5. Останати активности**

По одредени стручни прашања, Внатрешната ревизија беше консултирана и даваше професионални мислења и совети на раководството на друштвото. Согласно со активностите дефинирани во планот за работа на службата, Службата за внатрешна ревизија имаше соработка со консултанти од кои беа добиени насоки за извршување на ИТ ревизија и ревизија на сигурноста на информативниот систем.

**ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП**
Адреса: „Леце Котески" бр. 23
7500 Прилеп, Р. Македонија
Телефон: **+389 48 407 407**
Факс: **+389 48 407 452**

Во периодот јануари – декември 2015 година, спроведените редовни теренски и вонтеренски активности во рамки на усвоениот Годишен план за работа на Внатрешна ревизија како и вонредните и дополнителните активности беа реализирани од страна на еден извршител.

Доставено до

Одбор на Директори на

ПИ „Витаминка" АД Прилеп

**Раководител на Служба за интерна ревизија**

**Дипл.екк Бранимир Димков**

**Прилеп,**

**03 Февруари, 2016 год.**

# Реализирани интерни ревизии по организациските единици во текот на 2015 година

| Реализирани интерни ревизии за 2015 год. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процес | Месец / Недела | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Јануари | | | | Февруари | | | | Март | | | | Април | | | | Мај | | | | Јуни | | | |
| ТЕХНИЧКИ СЕКТОР | | | ✓ | | | | | ✓ | | | ✓ | | X | | | | ✓ | | | | | X | ✓ | + |
| СЕКТОР НА НАБАВКИ,ЛОГИСТИКА,ТРАНЗИ И КООПЕРАЦИЈА | | | | ✓ | | | ✓ | | | | ✓ | | X | ✓ | | | | ✓ | | ✓ | | X | | + |
| СЕКТОР ЗА МАРКЕТИНГ И ПРОДАЖБА НА ДОМАШЕН ПАЗАР | | | | ✓ | | | | | | | | | X | | | | | | | ✓ | | X | | + |
| ИЗВОЗЕН СЕКТОР | | ✓ | | | | ✓ | | | | ✓ | | | X | | | | | | ✓ | | | X | | + |
| СМЕТКОВОДЕН-ФИНАНСОВ СЕКТОР | | | | | ✓ | | | | | | | | X | | | | | | ✓ | | | X | | + |
| СЕКТОР КОНТРОЛНА ЛАБАРАТОРИЈА | | | | | ✓ | | | | | | | | X | | | | | | ✓ | | | X | | + |
| ОПШТ СЕКТОР | | | | | | | | | ✓ | | | | X | | | | | ✓ | | | | X | | + |
| СЕКТОР РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ | | | | | | ✓ | | | | | | | X | | | | | | | | | X | | + |
| НАШИ ФИРМИ ДООЕЛ „ВИБРО“ И ДОО “ВИКАРДИ“ | | | | | | | | ✓ | | | | | X | | | | | ✓ | | | | X | ✓ | + |

| Реализирани интерни ревизии за 2015 год.. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процес | Месец / недела | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Јули | | | | Август | | | | Септември | | | | Октомври | | | | Ноември | | | | Декември | | | |
| ТЕХНИЧКИ СЕКТОР | | ✓ | | | | | ✓ | | X | | | ✓ | + | | | | ✓ | | | | | X | | |
| СЕКТОР НА НАБАВКИ,ЛОГИСТИКА,ТРАНЗИ И КООПЕРАЦИЈА | | ✓ | | | | | | ✓ | X | | | | + | ✓ | | | | | ✓ | | ✓ | X | | |
| СЕКТОР ЗА МАРКЕТИНГ И ПРОДАЖБА НА ДОМАШЕН ПАЗАР | ✓ | | | | | | | | X | ✓ | | | + | | | | | | ✓ | | | X | | |
| ИЗВОЗЕН СЕКТОР | | ✓ | | | | | | | X | ✓ | | | + | | | | | ✓ | | | | X | | |
| СМЕТКОВОДЕН-ФИНАНСОВ СЕКТОР | | | | | | | ✓ | | X | | | | + | | | | | ✓ | | | | X | | |
| СЕКТОР КОНТРОЛНА ЛАБАРАТОРИЈА | | | | | | | | | X | | ✓ | | + | | | | | ✓ | | | | X | | |
| ОПШТ СЕКТОР | | | | | | | | ✓ | X | | | | + | | | | | ✓ | | | | X | | |
| СЕКТОР РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ | | | | | | | | ✓ | X | | | | + | | | | | | ✓ | | | X | | |
| НАШИ ФИРМИ ДООЕЛ „ВИБРО" И ДОО "ВИКАРДИ" | | | | | | | | | X | ✓ | | | + | | ✓ | | | | | ✓ | | X | | ✓ |

| Легенда | Интерни ревизии | ✓ | Проверка дали се отстранети неусогласеностите | X | Контрола на сите ревизии | + |
|---|---|---|---|---|---|---|

Празните полиња во периодот од средината на јули до средината на август се однесуваат на користење на годишен одмор.